Датум: 3.7.2017
Број: 03-655/7

Врз основа на член 38-46 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери и член 6 став 3 од Правилникот за дисциплинска постапка во Комората број 02-516/2 од 16.7.2015 година, по донесената одлука од дисциплинската комисија на Комората на овластени архитекти и овластени инженери во состав Сашо Блажевски, претседател на комисијата, Христина Матоска заменик претседател, Влатко Иванов и Андон Петровски како членови на комисијата, број 03-655/5, Претседателот на Комората Проф. д-р Миле Димитровски на 3.7.2017 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## по основ на дисциплинската постапка против Владко Спасов, со овластување број 2.1388

**На инженер Владко Спасов, со овластување број 2.1388 му се изрекува ОПОМЕНА заради прекршување на Кодексот на професионална етика на Комората**

### Образложение

Инженер Владко Спасов е именуван како раководител за изведба на објект на улица Бел Камен Кавадарци, од страна на Ѓорги Чулев, управител на фирмата ДГТ ПЛАНУМ ДООЕЛ – Кавадарци. Изведбата се однесува за објект нарачан од инвеститорот Горан Кузмановски, согласно договор за градба број 08-498 од 22.10.2014 година и понуда за градба број 08-392 од 29.7.2014 година.

Инвеститорот Горан Кузмановски поднесе барање за утврдување на дисциплинска одговорност поради прекршување на потпишаните договорни обврски од договорот број 08-498 од 22.10.2014 година и понуда за градба број 08-392 од 29.7.2014 заради изведба на објектот спротивно на проектната документација. Имено, инвеститорот тврдеше дека во дел од примарните конструктивни елементи во куќата е вграден бетон со помала марка од договорената во проектната документација.

Во текот на дисциплинската постапка членовите на дисциплинската комисија разговараа со сите засегнати страни, и тоа Горан Кузмановски како инвеститор, инженер Ѓорги Чулев како управител

на фирмата изведувач и со инженер Владко Спасов со овластување број 2.1388 кој бил назначен како раководител за изведба објектот од страна на управителот Ѓорги Чулев.

Членовите на дисциплинската комисија при Комората, ги разгледаа следните доставени доказни материјали: понуда за градба број 08-392 од 29.7.2014, договор за градба број 08-498 од 22.10.2014 година, судско порамнување број П4-56/15 од 31.8.2016, решение за назначување на раководител на објект број 03-514 од 3.11.2014 година, извештај од испитување на квалитет на вграден бетон од Градежниот Инстуитут Македонија со технички број 06/15-420 од 15.6.2015 , писмените изјави од двете засегнати странки, испратница за нарачаниот бетон од Фабрика Слобода број 0504-116, градежни дневници од изведбата и усно дадените изјави од тројцата повикани.

Видно од сета доказна документација, комисијата констатираше дека раководителот на објектот, инженер Спасов, во дел од изведбата работел спротивно на проектната документација и дозволил вградување на бетон со помала јачина од онаа предвидена во проектна документација за соодветните конструктивни елементи. Имено, во понудата за изведба помеѓу инвеститорот и изведувачот број 08-392 од 29.7.2014 година во член 3 стои одредбата дека кај одредени конструктивни елементи потребно е да се употребува бетон марка 30, а инженер Спасов дозволил да се вгради бетон марка 20. Понискиот квалитет на бетон е потврден и од извештајот од испитување на квалитет на бетон направено од Градежниот Институт Македонија со технички број 06/15-420. Понискиот квалитет на бетон е потврден и од доставената испратница на бетон од Фабрика Слобода под број 0504-116, каде е јасно специфицирано дека е доставен бетон со марка 20 а не со марка 30 како што е договорено. Управителот на фирмата, Ѓорги Чулев исто така не негира дека е нарачан и вграден бетон со помала марка во конкретните конструктивни елементи, и е свесен дека овој дел од изведбата е спротивен на потпишаниот договор.

Согласно горенаведеното, дисциплинската комисија при Комората донесе претходна одлука со соодветна казнена мерка против управителот на фирмата инженер Ѓорги Чулев, поради негова одговорност заради нарачка на погрешна марка на бетон и по службена должност покрена постапка и против инженер Владко Спасов.

Одговорност за направениот пропуст во изведбата постои и кај инженер Владко Спасов како раководител на објектот. Инженер Спасов во неговиот усен исказ потврди дека бил свесен дека е вграден бетон со помала марка, но потврди дека тој не го нарачал бетонот, туку тоа го има направено одговорното лице од фирмата изведувач, односно инженер Ѓорги Чулев. Без разлика што инженер Спасов не го нарачувал бетонот, тој како одговорно лице за изведбата на објектот требал етички да

реагира, писмено да го извести управителот за направената грешка и да се спротивстави во рамките на своите овластувања на вградувањето на бетон со помала марка од предвидената во проектот.

Со оглед на фактот дека се работи за примарни конструктивни елементи (столбови, греди и меѓукакатни конструкции) овој пропуст може да влијае на стабилноста и безбедноста на објектот. Во таа смисла, инженер Спасов со неговото неспротивставување на погрешната одлука на управителот Чулев, го има прекршено член 3 став 1 алинеа 2, член 4, член 5 став 5, член 6 став 1 алинеа 1, член 9 став 3, член 10 став 1 и 4 од Кодексот на професионална етика на овластени архитекти и овластени инженери. Повредените, погоре цитирани одредби од Кодексот, значат дека инженерот Спасов постапил некоректно, без да го сочува интересот на нарачателот, со ризик да се влијае на сигурноста на објектот и надвор од рамките на својата професионална задача.

Согласно сето горенаведено, а со оглед дека е направен прекршок кој би можел да влијае на стабилноста на објектот, Претседателот на Комората, согласно член 6 став 3 од Правилникот за дисциплинска постапка донесе одлука за **изрекување на ОПОМЕНА на инженер Владко Спасов со овластување број 2.1388. Во евентуална нова дисциплинска постапка против инженер Спасов во иднина, дисциплинската комисија при изрекување на новата мерка, ќе ја има во предвид оваа веќе изречена опомена.**

Правна поука

Согласно член 46 од Статутот на Комората, инженер Владко Спасов има право на жалба на оваа одлука во рок до 15 дена од денот на прием на решението од Претседателот на Комората. Жалбата се поднесува до Комисијата за решавање на жалби од втор степен при Комората. Доколку не се вложи жалба, решението станува правосилно 15 дена по приемот на решението.

Претседател на Комората

Проф. Д-р Миле Димитровски

Изработил

Димче Атанасовски, Генерален Секретар на Комората